## Буџет на Општина Аеродром за 2018 година



За **економски работи** се алоцирани вкупно **179.896,000** денари, односно **17,2 %** од вкупниот Буџет.

За уредување на градежното земјиште, уредување на просторот и преземање активности за развој на општината ќе бидат ангажирани 54%.

Средствата за транспорт учествуваат со 46%, и тие се планирани за изградба и реконструкција на локални улици, одржување на локални улици, простори за паркирање, како и за изградба на сообраќајна сигнализација.




Со дел од овие средства се предвидени:

- Поставување вертикална и одбележување хоризонтална сигнализација пред основните училишта „Блаже Конески“, „Браќа Миладиновци“ и „Александар Македонски“
- Новопланирана сервисна улица 8, сервисна улица 9 и паркинг простор
- Изградба на улица и паркинзи на ул. „Милан Зечар“ и паркинзи М1-1 и М2-1
- Крак на ул. „Србија 1“

За **заштита на животна средина** се алоцирани вкупно **74.360,000** денари, односно **7,1%** од вкупниот Буџет.
Во расходите за заштита на животната средина се вклучени изградба на системи за одведување на отпадните води, блоковско зеленило, одржување на парковите и зеленилото, хидрантска мрежа, општинската јавна чистота, системи за одведување на отпадните води и заштита на животната средина и природа.




Со дел од овие средства се планирани:

- Набавка на прочистувачи на воздух за сите градинки
- Пилот проекти (оџаци, катализатор, распрскувач)
- Мапирање на општината
- Нови зелени површини (паркови и хортикултурно уредување)
- Нови дрвја
- Изградба на атмосферска канализација на паркинг пред ОУ „Љубен Лапе“

За финансирање на **општите јавни служби** се предвидени вкупно **158.116,000** денари, односно **15,1%** од вкупно планираните средства за 2018 година.

Тука се вклучени трошоците за Совет на Општината, Градоначалник, Месна самоуправа и Општинска администрација.




Со дел од овие средства се обезбедува:

- поддршка за КК МЗТ Скопје Аеродром
- еднократен паричен надомест за талентирани спортисти
- поддршка за здруженија на граѓани
- поддршка за културни манифестации, меѓу кои фестивалот Гола месечина
- поддршка за културно уметнички друштва
- еднократна парична помош од 5.000 денари за секое новороденче од Општина Аеродром
- Еднократен надомест од 3.000 денари за секое прваче

За **живеалишта и развој на заедницата** се алоцирани **98.000,000** денари, односно **9,3%** од вкупниот Буџет.
Тука се предвидени интервенции за јавно осветлување, водоснабдување, урбанистичко планирање, изградба и одржување на урбана опрема, како и поддршка на локалниот економски развој.




Со дел од овие средства се планирани:

- Реконструкција на јавното осветлување во населбата Лисиче
- Изградба на мрежа за јавно осветлување на просторот во трговскиот центар во населбата Лисиче
- Изградба (реконструкција) на краци на водоводна мрежа на ул. „1“ во Долно Лисиче
- Изградба на комунална инфраструктура на ул. „Милан Зечар“ и паркинзи М1-1 и М2-1 (водовод, канализација и осветлување)
- Комунална инфраструктура ул. „Коста Новаковиќ“ и „Ангел Димовски“ поврзани со кружен тек
- Водовод ниска зона кај „Пуцко петрол“
- Осветлување на крак на ул. „Србија 1“
- Одржување и изградба на спортски игралишта
- Одржување и изградба на детски игралишта
- Изведба на паркови за миленичиња

**За педагошко и основно образование** се предвидени **537.797,000,** односно **51,3%** од вкупниот Буџет.
Од нив приближно 30% за делот на основното образование, односно 21% за делот на социјалната заштита, поточно за детските градинки на територија на Општина Аеродром.

Тука се вклучени платите и надоместоците за вработениот кадар, средствата за тековно одржување на објектите и одвивање на наставата, средства за планираните проекти, доградба, реконструкција и опремување на дел од објектите на основните училишта и детските градинки, како и дополнителните средства од општината наменети за загревање на објектите во основните училишта и детски градинки.




Со дел од овие средства се предвидени:

- Униформи за учениците од основните училишта
- Преземање трошоци за обебедување во градинките и училиштата
- Обнова на подови во ООУ „Лазо Ангеловски“ и ООУ „Љубен Лапе“
- Нов објект за градинката „Буба Мара“
- Доградба на „Црвенкапа“ на ЈДГОА Срничка